Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

Извадок на ден од дневни настани 15.06.2022

На 14.06 2022 околу 16.00 часот во ОВР Кичево била приведена С.К.(19) од Битола, која претходно влегла во домот на Е.Е. од Кичево и одзела пари, мобилен телефон, накит и други предмети. Откако била забележана, С.К. физички ја нападнала оштетената и избегала. Одземените предмети биле вратени на сопственичката, а по целосно документирање на случајот против С.К. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2022 во 19.55 часот на бул.„Видое Смилевски Бато" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода З.Д.(35) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2022 во 23.40 часот на ул.„Павел Шатев" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода В.У.(33) од Битола затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела грутчеста материја и марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 15.06.2022 во 02.10 часот на ул.„Амита Трети" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ѓ.С.(34) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 15.06.2022 во 00.05 часот на ул.„Џон Кенеди" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.Е.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2022 во 21.05 часот на ул.„Самоилова" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Р.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2022 во 22.50 часот на ул.„Македонија" во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(20) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2022 во 21.30 часот на ул.„Бранислав Нушиќ" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Карпош ги лишиле од слобода М.И.(37) и М.З.(39), двајцата од Скопје, затоа што кај биле пронајдени и одземени марихуана и дигитална вага. По документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (14.06.2022) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 193 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 64 санкции, 17 мерки за возење без возачка дозвола, 12 санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се и 10 мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикли, шест мерки за недавање првенство на минување на пешаци, 16 за прекршоци што ги прават пешаците, 10 мерки за користење на мобилен телефон...

На 14.06.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 24 прекршоци, од кои 17 надвор од населено место и 7 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 14 други видови на прекршоци, од кои 7 за управување нерегистрирано возило, 2 за технички неисправно возило, 2 за управување возило без возачка дозвола, 1 за возач почетник, 1 за некористење сигурносен појас и 1 за непропишно паркирање.

Во ранките на вчерашните сообраќајно-контролни активности реализирани на пошироко тетовско подрачје вкупно биле откриени и санкционирани 20 возачи кои ја пречекориле максимално дозволената брзина во и надвор од населено место. Вчера, исто така, биле санкционирани и 10 лица кои непоседувале возачки дозволи, односно кои ги управувале возилата без положен возачки испит, а поради истечена регистрација повеќе од шест месеци времено бил одземен еден мотоцикл.

На 15.06.2022 околу 02.30 часот во СВР Охрид било пријавено дека на магистралниот пат Охрид-Кичево, помеѓу селата Климештани и Ботун, општина Дебарца, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „БМ" со струшки регистарски ознаки, управувано од М.М.(21) од Струга и патничко возило „ауди" со охридски регистарски ознаки, управувано од Ѓ.Д.(62) од с.Ботун. Од здобиените повреди на местото на настанот починал Ѓ.Д., а М.М. се здобил со телесни повреди, констатирани во Општа болница Охрид. Увид на местото на настанот извршиле екипа на СВР Охрид и Јавен обвинител, по чија наредба ѓе телото на починатиот ќе биде извршена одјавкција.

На 14.06.2022 во 21.58 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Ружа Јелчева" во Битола, молед „априлија" со битолски регистарски ознаки, управуван од малолетник од Битола, удрил во пешакот Б.Б.(70) од Битола и во паркирано возило „сеат" со битолски регистарски ознаки. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобиле возачот на мопедот и малолетна спатничка на мопедот, додека пешакот се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото на настанот извршила екипа на СВР Битола.

На 14.06.2022 околу 14.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопат Скопје – Велес , кај надвозникот што води кон с. Бадар, А.М.(37) од Велес, управувајќи патничко возило „сеат" со велешки регистарски ознаки, изгубил контрола и излетал од коловозот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобиле возачот и спатничката О.Х.А.(39) од Велес, констатирани во комплекс клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 14.06.2022 во 16.20 часот во Полициската станица Гази Баба, Л.А(58) од Скопје пријавила дека на бул.„Александар Македонски" била каснат од куче скитник.

На 14.06.2022 околу 16.30 часот во Полициската станица Гази Баба, А.П. од Скопје пријавил дека на ул.„Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник.

Денеска (15.06.2022) во 11.30 часот во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода А.Ј.(26) од Скопје. Тој се сомничи дека на 06.06.2022 на ул.„Благоја Стефановски" одзел патничко возило „опел астра" со скопски регистарски ознаки. Во Полициската станица Гази Баба со него ќе извршат службен разговор, при што тој го признал делото. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2022 во 14.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода А.С.(25) од с.Горно Којнаре, кумановско. Тој се сомничи дека пред три дена во угостителски објект на ул.„Борис Кидрич" одзел пари. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 14.06.2022 во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода Д.М. (33) од Штип поради постоење основи на сомнение дека на 27.12.2021 сторил кривично дело „тешка кражба" од патничко моторно возило. По целосно документирање и комплетирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Во текот на вчерашниот ден (14.06.2022), Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 345 возачи. Од ним три возила се движеле со дуриг над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа, 152 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 193 надвор од населено место. За време на акциската контрола констатирани и законски санкционирани биле и 122 други видови прекршоци.

На 14.06.2022 во 12.00 часот во тетовска Шипковица, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода А.М.(40) и Л.М.(39) од тетовско Гајре, кои на 11-ти и 13-ти овој месец биле приведени од две лица од Гајре и Шипковица дека им баране пари, им се заканувале, а на жителот од Шипковица му одзеле и добиток. При лишувањето двајцата се одвоиле агресивно и физички ги нападнале полициски службеници, при што од еден полициски службеник биле испукани и предупредувачки куршум во воздух. Двајцата се задржани во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на приврзените случаи и ќе ин бидат изготвени соодветни поднесоци.

На 14.06.2022 во 16.30 часот во СВР Скопје, В.А.(37) од с.Мојанци, скопско, пријавил дека околу 08.00 часот на Кванташки пазар, каде што работел, по претходна расправија, тој, неговиот брат Ј.А. и уште еден вработен Н.А. биле физички нападнати од И.Б., неговиот брат И.Б., двајцата од с.Арачиново и уште три лица. Притоа, според пријавеното, еден од браќата И.Б. им се заканил со пиштол и ги нападнал В.А. и Ј.А.. Додека, исто така, според пријавеното, едно од трите лица употребило тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2022 во 22.25 часот во СВР Скопје, Д.Л.(21) од Скопје пријавил дека во тговски центар на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од повеќе малолетници. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2022 во 17.15 часот во СВР Скопје, М.Т.(45) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање во сообраќајот, била физички нападнатa од едно женско лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 14.06.2022 во 14.00 часот во СВР Скопје, И.Ѓ.(38) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Шуто Оризари, по претходни недоразбирања, била физички нападнатa од И.С.(51) од Скопје. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 14.06.2022 во СВР Скопје било пријавено дека на 13.06.2022 околу 14.00 часот на подрачјето на Шуто Оризари, И.Е.(24) од Скопје бил физички нападнат од А.Х.(42) од Скопје и неговиот малолетен син, а по кратко време бил физички нападнат од малолетникот и М.Х.(24). По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 14.06.2022 во 17.00 часот во СВР Скопје, Б.Ш.(32) од с.Ласкарци, општина Сарај, пријавил дека во периодот од 12.06.2022 до 14.06.2022 од механичарска работилница на локалет пат Тетово – Скопје било одземено патничко моторно возило „лада нива" со скопски регистарски, сопственост на институцијата Народен правобранител. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.06.2022 во 16.50 часот во СВР Битола, вработена во Конзулатот на Руската Федерација во Битола пријавила дека било одземено знамето на Руската Федерација, кое било закачено на зградата на конзулатот на улица „Маршал Тито". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 14.06.2022 околу 11.15 во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека во Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје починал осуденикот Р.А.(64). Смрт без траги на насилство констатирал лекар од Универзитетска клиника за кардиологија, а увид извршиле екипа од СВР Скопје и Јавен обвинител. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за одјавкција.

На 14.06.2022 во 10.20 часот во Полициската станица Карпош, Ј.Ц.(57) од Скопје пријавила дека од домот се одалечил нејзиниот брат В.У.(59). Се преземаат мерки за пронаѓање на лицето.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Г.М.(36) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 20.04.2022 во Клиничкиот центар во Тетово, пријавениот физички нападнат лекар, вработен во клиниката.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.М.(37) од село Гродиум и А.М.(23) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и против М.З.(22) од Кочани поради основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги". Во јуни 2021 година, пријавениот набавил марихуана и амфетамин, по што со посредство на второпријавениот продале дрога на третопријавениот. На 25.06.2021, при прегледа над третопријавениот биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин, при што било констатирано дека на две лица им овозможил да употребуваат дрога.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Ѓ.С.(48) од Пехчево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем". На 10.03.2022, на социјалната мрежа Фејсбук, по објавена содржина на интернет портал, пријавениот напишал коментар со кој се промовира и поттикнува омраза.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против С.М.(54) од село Дорфулија, општина Лозово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „узурпација на недвижности". Во 2022 година, во село Коселери, на место викано „Сусамли", пријавениот узурпирал земјоделското земјиште кое е во сопственост на Северна Македонија.

Сајт на МВР е кажан по чл. 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет